1930
Službeni vesnik NRM
2
Skoplje
p. fah 5

СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Народната банка за претплата и посебни изданија 101-13-602-32, за огласи 101-13-602-31.

Среда, 24 април 1963
БЕЛГРАД
БРОЈ 16 ГОД. XIX

Цена на овој број е 80.— дин. — Претплата за 1963 година изнесува 2.300.— дин., а за странство 3.300 динари. — Редакција: Улица Јована Ристић'а бр. 1. Пошт. фах 226.— Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671.

248.

Врз основа на членот 7 став 2 од Законот за Сојузниот буџет за 1963 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62) и точката 3 од Одлуката за давање регрес за грев во 1963 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/63), во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии, Сојузниот секретаријат за индустрија издава

НАРЕДБА

ЗА ПРИМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ЗА ГРЕЖ ВО 1963 ГОДИНА

1. Регресот од точката 1 на Одлуката за давање регрес за грев во 1963 година (во понатамошниот текст: Одлуката) го остваруваат следниве производители на домашен грев (филанди):

1) Свиларски комбинат „Нонча Камишова", Титов Велес;

2) Војвођанска индустрија свиле, Нови Сад — филанда во Панчево;

3) Индустрија природне свиле „Напредак", Нови Кнежевац;

4) Претпријатие за производство на свила, Гевгелија.

2. Корисниците на регресот од точката 1 на оваа наредба го остваруваат регресот со поднесување на барање за регрес преку Деловното здружение на производителите на природна свила и памук во Белград (во понатамошниот текст: Здружението).

3. Кон барањето за регрес корисниците на регресот од точката 1 на оваа наредба приложуваат:

1) фактура односно препис на фактура или интерен документ за продадените и испорачаните количини на грев;

2) доказ за извршената испорака на грев;

3) пресметка на регресот со податоци за износот на регресот по единици на мера и за вкупната количина на продаден и испорачан грев;

4. Врз основа на барањата за регрес поднесени од корисниците на регресот, Здружението составува, по извршената контрола на документацијата од точката 3 на оваа наредба, збирно барање за регрес и ѝ го поднесува на филијалата на Народната банка 101—12 во Белград како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство.

Кон збирното барање за регрес Здружението приложува збирна спецификација која содржи:

1) назив и место на корисникот на регресот;

2) назив на филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство кај која имаат жиро-сметка корисниците на регресот;

3) број на жиро-сметката на корисникот на регресот;

4) продадени и испорачани количини на грев изразени во килограми — за секоја филанда посебно;

5) износ на регресот по единица на мера и за вкупната количина на продаден и испорачан грев за секоја филанда посебно;

6) документација од точката 3 на оваа наредба.

5. Корисниците на регресот се должни барањата за регрес со документацијата од точката 3 на оваа наредба да му ги достават на Здружението до 20-ти во месецот за изминатиот месец.

6. Кога Службата на општественото книговодство ќе утврди дека збирното барање за регрес во поглед на пресметувањето и потполноста на документацијата е точно, го одобрува износот на регресот во корист на жиро-сметката на корисникот на регресот, а на товар на сметката бр. 630—33 — Регрес за грев.

7. Службата на општественото книговодство може да врши исплати на регресите на товар на сметката од точката 6 на оваа наредба само до износот одобрен со сојузниот буџет за исплата на регресот за грев.

8. Ако кон барањето за регрес се приложуваат преписи на изворни документи (фактура, потврда и сл.), тие мораат да бидат потпишани од овластените лица и врз нив мора да биде натиснат печатот на корисникот на регресот, а изворните документи се поднесуваат на увид.

Службата на општественото книговодство е должна врз секој изворен документ од ставот 1 на оваа точка што се поднесува на увид да означи дека е исплатен регресот.

9. Корисниците на регресот се должни во своето книговодство да водат уредна и ажурна евиденција за остварениот регрес за грев.

10. Оваа наредба влегува ва сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 05—1935/1
12 април 1963 година
Белград

Сојузен секретар за индустрија,
Данило Кекиќ, с. р.

249.

Врз основа на членот 138 став 4 од Законот за средствата на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/61, 30/62 и 53/62), во спогодба со Сојузниот секретаријат за финансиите, Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство издава

НАРЕДБА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ШУМСКОТО ЗЕМЈИШТЕ

1. Како шумско земјиште, во смисла на членот 47 став 2 од Законот за средствата на стопанските организации, се смета:

1) земјиште во површина од најмалку 5 ари зарастено со шумски дрвја чии круни покриваат најмалку една третина од површината на тоа земјиште;

2) сечишта, палики и други површини на земјишта од кои исчезнала шумата поради: пустење, бесправно чисто сечење и чистење, напад на инсекти и болести, суша, мраз, кршење и кутнување стебла од ветар, поплави и други елементарни непогоди, како и земјишта на кои не успеало под-

младувањето на шумата — а кои по исчезнувањето на шумата не се користат трајно (повеќе од 5 години) во земјоделски или други цели;

3) земјиште под плантажи на брзорастечки шумски дрвја со обнова од најмалку 15 години.

Како плантажи на брзорастечки шумски дрвја се подразбираат засадите на површина поголема од 1 хектар со најмалку 200 стебла од тие дрвја на 1 хектар површина;

4) краста, голишта и жив песок, што ги користат организациите што стопанисуваат со шуми;

5) земјиште што привремено (помалку од 5 години) се наоѓа под земјоделска култура заради подготвување за повторно пошумување.

2. Не се смета како шумско земјиште земјиштето во шумско-стопанско подрачје, и тоа:

1) што не е зарастено со шумски дрвја и што трајно (повеќе од 5 години) се користи за земјоделско производство или за други цели;

2) што е под згради, шумски патишта и други градежни објекти;

3) што служи како постојан склад или за манипулативни и слични цели.

Како шумско земјиште не се смета и земјиштето под постојан шумски расадник.

3. Во спорните случаи дали некое земјиште се смета како шумско земјиште, во смисла на одредбите од оваа наредба, решава општинскиот орган на управата надлежен за работите на шумарството, во согласност со општинскиот орган на управата надлежен за работите на финансиите.

4. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 06—615/4
15 април 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за земјоделство и шумарство,
Славко Комар, с. р.

250.

Врз основа на членот 8 од Законот за фондовите за ризици во трговските претпријатија за промет на земјоделски прехранбени производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/63), во согласност со Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство, Сојузниот секретаријат за трговија издава

НАРЕДБА

ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ ЗА КОИ МОЖАТ ДА СЕ КОРИСТАТ СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ ЗА РИЗИЦИ

1. Одредбата од членот 2 на Законот за фондовите за ризици во трговските претпријатија за промет на земјоделски прехранбени производи се применува на овошје и зеленчук.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1753
17 април 1963 година
Белград

Сојузен секретар за трговија,
Марјан Брецељ, с. р.

251.

Врз основа на членот 4 став 2 од Уредбата за Сојузниот завод за цени („Службен лист на ФНРЈ", бр. 46/62), Сојузниот секретаријат за општи стопански работи издава

НАРЕДБА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ШТО СЕ ОПФАЌААТ СО КОНТРОЛАТА НА ЦЕНИТЕ

1. Во Наредбата за определување на одделни производи што се опфаќаат со контролата на цените („Службен лист на ФНРЈ", бр. 2/63 и 5/63) во точката 1 на крајот на одредбата под 6 точката се заменува со запирка, и по тоа се додава нова одредба под 7, која гласи:

„7) валавичен бакар и легури од бакар (инготи, гредички, плочи — cakes, трупци, трупци за тел — wirebar)."

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 496
18 април 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за општи стопански работи,
Никола Цуверовиќ, с. р.

252.

Врз основа на членот 13 од Законот за работењето на стопанските единици на казнено-поправителните установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/60) и точката 3 од Одлуката за расподелба на остатокот од чистиот приход на фондовите на стопанските единици на казнено-поправителните установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/61), Сојузниот секретаријат за внатрешни работи пропишува

УПАТСТВО

ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОВИТЕ НА СТОПАНСКИТЕ ЕДИНИЦИ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВИТЕЛНИТЕ УСТАНОВИ

1. Стопанските единици на казнено-поправителните установи ги користат средствата на деловниот фонд, на фондот на заедничката потрошувачка и на резервниот фонд според општите прописи за употреба на средствата на овие фондови кај стопанските организации.

Употребата на средствата на заедничката потрошувачка се регулира со посебен правилник што го донесува управникот на казнено-поправителната установа, во согласност со надлежниот секретаријат за внатрешни работи. Со овој правилник ќе се регулира и поединечната употреба на средствата за заедничка потрошувачка (чл. 63 и 64 од Законот за средствата на стопанските организации — „Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/61, 30/62 и 53/62).

2. Средствата на фондот за нестопански големи поправки и за изградба на објекти на казнено-поправителните установи, на фондот за унапредување на културно-просветната работа во казнено-поправителните установи, на фондот за наградување на работниците и службениците и на фондот за наградување на осудените лица и за помош на лицата отпуштени од казнено-поправителните установи (во понатамошниот текст: посебните фондови) се користат на начинот определен со ова упатство.

3. Посебните фондови се водат на посебна сметка на казнено-поправителната установа во чиј состав се наоѓа стопанската единица.

Казнено-поправителната установа на чија посебна сметка се водат посебните фондови е должна за посебните фондови да формира и води книго-

водствена евиденција за посебните фондови според општите прописи што важат за водењето на книговодствената евиденција на фондовите во стопанските организации.

4. Конечната расподелба на средствата во посебните фондови се врши според општите прописи што важат за стопанските организации.

5. Републичките казнено-поправителни установи можат да ги здружуваат средствата на своите фондови за нестопански големи поправки и за изградба на објекти на казнено-поправителните установи како и средствата на своите фондови за унапредување на културно-просветната работа во казнено-поправителните установи.

Ако средствата на фондовите за нестопански големи поправки и за изградба на објекти на казнено-поправителните установи бидат здружени, на секоја казнено-поправителна установа односно нејзина стопанска единица мора да ѝ остане најмалку 10% од средствата на тој фонд за сопствени потреби, што може да ги користи за намените од точката 7 на ова упатство.

Заради здружување на средствата на фондовите од ставот 1 на оваа точка, ќе се формира посебна комисија што ја сочинуваат управниците на казнено-поправителните установи што ги здружуваат средствата на своите фондови и претставникот на републичкиот секретаријат за внатрешни работи.

Комисијата од ставот 3 на оваа точка одлучува за височината на средствата на фондовите што се здружуваат и за распределбата на здружените средства на казнено-поправителните установи.

Средствата на здружените фондови распоредени врз основа на ставот 4 од оваа точка ќе им се доделат на казнено-поправителните установи во вид на кредити или без обврска за враќање.

6. Сојузните казнено-поправителни домови можат да ги здружуваат средствата на своите фондови за нестопански големи поправки и за изградба на објекти на казнено-поправителните установи, како и средствата на своите фондови за унапредување на културно-просветната работа во казнено-поправителните установи во согласност со точката 5 од ова упатство.

7. Средствата на фондот за нестопански големи поправки и за изградба на објекти на казнено-поправителните установи, како и здружените средства на овие фондови се употребуваат за:

1) изградба, поправка, реконструкција, довршување и одржување на објектите на казнено-поправителните установи што служат за сместување и престој на осудените лица што ја издржуваат казната лишување од слобода — во казнено-поправителните домови и во затворите што ги основа републичкиот секретаријат за внатрешни работи;

2) изградба на нови објекти на казнено-поправителните домови и затвори што ги основа републичкиот секретаријат за внатрешни работи, а кои се користат со цел за извршување на казните лишување од слобода (член 9 од Законот за извршување на кривичните санкции — „Службен лист на ФНРЈ“, бр. 24/61);

3) изградба, поправка, реконструкција, довршување и одржување на објектите што служат за извршување на другите кривични санкции кои според важечките прописи ги извршуваат органите на внатрешните работи;

4) дотации на фондот за нестопански големи поправки и за изградба на објекти на казнено-поправителните установи заради изградба на нови објекти на казнено-поправителните домови за осудените малолетници, што ја издржуваат казната малолетнички затвор во сојузен казнено-поправителен дом за малолетници или во таков дом на друга социјалистичка република.

8. Средствата на фондот за унапредување на културно-просветната работа во казнено-поправителните установи, како и здружените средства на овие фондови се употребуваат за:

1) набавка на книги, списанија и други печатени работи за библиотеки и читални на казнено-поправителните установи, како и за набавка на учебници и училишен прибор за осудените лица што посетуваат училишта и курсеви, ако тие лица немаат свои лични средства;

2) набавка и претплата на филмови за кинопретстави во казнено-поправителните установи;

3) набавка и одржување на реквизити за потребите на културно-просветните и фискултурните секции;

4) исплата на хонорари на испитните комисии и на лицата вон казнено-поправителната установа што се ангажираат заради вршење одделни работи од областа на културно-просветната работа;

5) трошоците настанати со учествување на осудените лица на културни и спортски приредби во казнено-поправителната установа и надвор од таа установа;

6) набавка и одржување на други средства за воспитна и културно-просветна работа во казнено-поправителните установи;

7) дотации на фондот за унапредување на културно-просветната работа во казнено-поправителните установи заради унапредување на културно-просветната работа во казнено-поправителните домови за осудените малолетници, што ја издржуваат казната малолетнички затвор во сојузен казнено-поправителен дом за малолетници или во таков дом на друга социјалистичка република;

8) унапредување на културно-просветната работа во другите установи што служат за извршување на кривичните санкции кои се должни според важечките прописи да ги извршуваат органите на внатрешните работи.

9. Средствата на фондот за наградување на работниците и службениците се употребуваат за наградување на работниците и службениците на стопанската единица на казнено-поправителната установа, како и на другите работници и службеници на казнено-поправителната установа.

Награди на работниците и службениците можат да им се даваат за:

1) вонредна работа и особено залагање во службата што придонесло подобро и побрзо да се извршуваат работите односно да се подобри работата;

2) успешно извршување на определени значителни задачи што барале вонредна работа и особено залагање;

3) вонредно истакнување и пожртвувана работа во вршењето на должности ако поради тоа е спречена поголема штета или е отстранета непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето;

4) предлози или сугестии врз основа на кои е остварено порационално работење, подобра организација на работата или подобар метод на работа, особено ако усвоените предлози или сугестии ги преминуваат рамките на редовните работи на службениците.

За наградување на работниците и службениците одлучува колегиумот на казнено-поправителната установа, по прибавено мислење од синдикалната подружница и од раководителот на службата, а за наградување на управникот — надлежниот секретаријат за внатрешни работи. Врз основа на одлука од колегиумот управникот на казнено-поправителната установа донесува конкретно решение.

Вкупниот износ на наградите што му се даваат на работник и службеник во текот на една година по основот од ставот 2 на оваа точка не може, по правило, да биде поголем од износот на неговата двомесечна плата со посебниот додаток.

Ако според значењето на извршените работи и задачи, значењето на новите методи за работа односно големината на отстранетата штета, наградата треба да се определи во износ поголем од износот предвиден во ставот 4 од оваа точка, решението за определување на наградата се донесува во согласност со надлежниот секретаријат за внатрешни работи.

10. Средствата на фондот за наградување на осудените лица и за помош на лицата отпуштени од казнено-поправителни установи се даваат во пари или во вид на подарок.

Наградата од ставот 1 на оваа точка може да му се додели на осудено лице за време на извршувањето на казната лишување од слобода во следните случаи:

1) ако извонредно се заложува во работата и постигнува посебни резултати за подобрување на работата на своето работно место;

2) ако извршило посебна задача од поголемо значење за работата на казнено-поправителната установа;

3) за посебна заштеда на материјали и посебна грижа за алатот и за другите средства за производство;

4) за отстранување на поголема материјална штета што би можела да настапи во установата;

5) за посебно залагање и вложување извонреден напор во совладувањето на наставното градиво;

6) за вонредно залагање и постигнување значителен успех во организирањето на културно-просветната и фискултурната работа во установата.

Наградите во случаите од ставот 2 под 5 и 6 на оваа точка можат да се даваат само во пригодни подароци (книги, шах, изработен предмет за дипломска работа и сл.). Со парична награда осуденист може да биде награден во една година до износот на просечната полна заработка за два месеца. Ако постојат оправдани причини осудено лице може да биде наградено со парична награда и во поголем износ во кој случај е потребна согласност од надлежниот секретаријат за внатрешни работи.

Помош при отпуштање од издржување на казна може да му се даде на лице кое нема никакви парични средства или нема достаточно средства за заминување во живеалиштето и на лице без имот или фамилија што би го прифатила, и тоа во износот кој му овозможува заминување до живеалиштето и престој во траење од еден месец по пуштањето на слобода.

Износот на паричната помош се запишува во отпусната листа на лицето што се отпушта од издржувањето на казната и за дадената помош се известува надлежниот одбор за помош на отпуштените осудени лица.

11. Ако потребите што се финансираат од средствата на некој од посебните фондови од точката 2 на ова упатство бидат задоволени, остатокот на средствата може да се користи за потребите што ќе ги определи надлежниот секретаријат за внатрешни работи, во согласност со Сојузниот секретаријат за финансиите.

Средствата на одделен посебен фонд непотрошени во една година се пренесуваат за следната година.

12. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Б-2 бр. 521-12
12 април 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
Светислав Стефановиќ, с. р.

253.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА МЕДИЦИНСКО СТАКЛО

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува следниот југословенски стандард:

Медицинско стакло. Фармацевтско амбалажно стакло — Општи услови на квалитетот — — — — JUS B.E4.201

2. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 декември 1963 година.

Бр. 19-2814
11 април 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Витеровиќ**, с. р.

254.

Врз основа на членот 35 став 2 од Законот за изборот на сојузните пратеници („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/63), Сојузната изборна комисија пропишува

УПАТСТВО

ЗА ОБРАСЦИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ ОДДЕЛНИ ДЕЈСТВИЈА СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОРОТ НА СОЈУЗНИТЕ ПРАТЕНИЦИ

1. Одделни дејствија според Законот за изборот на сојузните пратеници ќе се вршат според обрасците бр. 1 до 37, што се напечатени кон ова упатство и негов се составен дел.

2. Обрасците наведени во точката 1 од ова упатство задолжително се употребуваат за вршење на дејствијата за кои се пропишани.

3. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 18
17 април 1963 година
Белград

Сојузна изборна комисија

Секретар,
Мирко Гвозденовиќ, с. р.

Претседател,
др Дражен Сесардиќ, с. р.

ИЗБОРИ НА ПРАТЕНИЦИ ЗА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

Изборен образец бр. 1

Оглас за подрачјата за кои се одржуваат собирите на избирачите (член 43 став 2 од Законот за изборот на сојузните пратеници)

ОГЛАС

Општинската изборна комисија за избор на сојузните пратеници за Изборната единица ————————, врз основа на членот 43 став 2 од Законот за изборот на сојузните пратеници, објавува дека собирите на избирачите заради предлагање кандидати за пратеник во Сојузниот собор се одржуваат за следните подрачја:

Редни број	Подрачје за кое се одржува собирот	Да се означи селото, населбата, итн, а во градовите подрачјето на градот, блок улица итн. за кои се одржува собирот

Општинска изборна комисија за избор на сојузните пратеници за Изборната единица ————.
Во ———————— 196— година, бр. ———

Секретар, Претседател,

Член,

Овој образец е пропишан со Упатството за обрасците за вршење одделни дејствија според Законот за изборот на сојузните пратеници, што ги пропиша Сојузната изборна комисија под бр. 18 од 17 април 1963 година.

ИЗБОРИ НА ПРАТЕНИЦИ ЗА СОБОР НА РАБОТНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

Изборен образец бр. 2

Оглас за работните организации и работните заедници за кои се одржуваат соборите на работните луѓе (член 65 од Законот за изборот на сојузните пратеници)

О Г Л А С

Општинската изборна комисија за избор на сојузните пратеници за Изборната единица ———— ————————, врз основа на членот 65 од Законот за изборот на сојузните пратеници, објавува дека соборите на работните луѓе заради предлагање кандидати за пратеник за ————————
(да се означи соборот за кој
————————[1])
се одржува изборот)

се одржуваат за следните работни организации (стопанска организација односно деловна и погонска единица, земјоделска задруга, установа) — работни заедници:

Реден број	Работна организација односно работна заедница за која-и се одржува собирот [2])

Општинска изборна комисија за избор на сојузните пратеници за Изборната единица ————————.

Во ———————— 196— година, бр. ———

Секретар, Претседател,

Член,

[1]) Во текстот на огласот за соборите на работните луѓе ќе се означи соодветниот собор односно собори за кои се одржува собирот (на пр.: за Стопанскиот и Организационополитичкиот собор).

[2]) Ако собирот на работните луѓе се одржува за две или повеќе работни организации односно работни заедници, треба да се означат работните организации односно заедници за кои се одржува собирот и улицата и бројот на зградата во која се одржува собирот.

Овој образец е пропишан со Упатството за обрасците за вршење одделни дејствија според Законот за изборот на сојузните пратеници, што ги пропиша Сојузната изборна комисија под бр. 18 од 17 април 1963 година.

ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ ЗА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

Изборен образец бр. 3

Записник за работата на собирот на избирачите одржан заради предлагање кандидати за избор на пратеници за Сојузниот собор (член 53 од Законот за изборот на сојузните пратеници)
Работено на ———— 196— година во ————————

З А П И С Н И К

ЗА РАБОТАТА НА СОБИРОТ НА ИЗБИРАЧИТЕ ОДРЖАН ЗАРАДИ ПРЕДЛАГАЊЕ КАНДИДАТИ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ ЗА СОЈУЗНИОТ СОБОР

1. Собирот ја започна работата во ———— часот.

2. Собирот се одржува за подрачјето ————————

(да се означи селото, населбата, а во градовите блокот, улицата итн. за која се одржува собирот)

3. Собирот го свика претседателот на општинското собрание ————————, а поканата на собирот е објавена со оглас од ———— 196— година.[1])

4. Собирот го отвори ———————— председателот (одборникот) на Општинското собрание ————————.

5. По отворањето на собирот, се премина кон избор на претседателство на собирот, та собирот, едногласно — со мнозинство гласови — го избра за претседавач ————————

(фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

а за членови:

1) ————————
(фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

2) ————————
(фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

Собирот потоа го избра записничарот ————————

(фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

За заверувачи на записник собирот ги избра:

(фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

(фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

6. Претседавачот утврдува дека на собирот се присутни ———— (и со букви ———— ————) избирачи, а дека според потврда

(да се наведе органот на општинското собрание што ја издаде потврдата)

од ———— бр. ———— на подрачјето за кое се одржува собирот има ———— избирачи запишани во избирачкиот список.

Бидејќи на собирот е присутен бројот на избирачите потребен, во смисла на членот 45 став 1 од Законот за изборот на сојузните пратеници, за неговото одржување, претседавачот објавува дека собирот може да се одржи.

(Бидејќи во времето определено за почеток на собирот не е присутен бројот на избирачите потребен во смисла на членот 45 став 1, почетокот на собирот е одложен во смисла на членот 45 став 2 за ———— часот, та собирот отпочна со работа во ————часот со горе наведениот број избирачи).[2])

Претседавачот потоа ја објасни целта на свикувањето на собирот и начинот на неговата работа, та за таа цел ги прочита одредбите од чл. 46 и 48 до 52 од Законот за изборот на сојузните пратеници.

На предлог од претседавачот собирот го утврди следниов

Дневен ред

1) Предлагање кандидати за избор на пратеник за Сојузниот собор на Сојузната скупштина за Изборната единица _____
(назив на изборната единица)

2) Утврдување на кандидатите.

7. По ова се премина кон предлагање на кандидати од страна на избирачите.

Од страна на избирачите за пратенички кандидати предложени се, со подршка од најмалку четири други избирачи, следните лица за кои собирот гласа:[3])

1) _____
(фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

2) _____
(фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

3) _____
(фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

4) _____
(фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

По завршеното предлагање на пратеничките кандидати се премина кон претрес на предлогот на кандидатите што влегуваат во листата за која гласа собирот, и тоа по редот по кој се предложени.

8. Откако се заврши претресот се премина кон гласање посебно за секој предложен кандидат, и тоа по редот по кој се предложени кандидатите.

По гласањето претседавачот објави дека се прифатени за кандидати за пратеници за Сојузниот собор на Сојузната скупштина:[4])

1) _____,
(фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

2) _____,
(фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

3) _____,
(фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, претседавачот објави дека е собирот завршен.

Работата е завршена во _____ часот.

Записничар, Претседавач,

Заверувачи на записникот:

[1]) Ако собирот го свикала општинската изборна комисија, собирот го отвара лицето што го определила оваа комисија.

[2]) Ако е во прашање одлагање на собирот на избирачите во смисла на членот 45 став 2, тогаш треба да се прецрта претходниот став.

[3]) Ако на предлогот за кандидат не му дале поддршка најмалку четири други избирачи, предложеното лице нема да се внесе во записникот на предложените кандидати.

[4]) Ако при гласањето е вршено пребројување на гласовите, треба да се забележи колку гласови имало за предлогот, а колку против.

Овој образец е пропишан со Упатството за обрасците за вршење одделни дејствија според Законот за изборот на сојузните пратеници, што ги пропиша Сојузната изборна комисија под бр. 18 од 17 април 1963 година.

ИЗБОРИ НА ПРАТЕНИЦИ ЗА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

Изборен образец бр. 4

Предлог на кандидатура на собирот на избирачите за избор на пратениците за Сојузниот собор (член 71 од Законот за изборот на сојузните пратеници)

ДО ОПШТИНСКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА СОЈУЗНИТЕ ПРАТЕНИЦИ ЗА ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА _____

Во смисла на членот 71 од Законот за изборот на сојузните пратеници поднесуваме ПРЕДЛОГ НА КАНДИДАТУРА на собирот на избирачите за избор на пратеник за Сојузниот собор на Сојузната скупштина, што ќе се одржи на _____ 196— година за Изборната единица _____.

Предлогот на кандидатурата е утврден на собирот на избирачите што е одржан _____ 196—— година во местото _____, за подрачјето _____.

Собирот на избирачите ги утврди за кандидати:

1. _____,
(фамилијарно, татково и родено име, место на живеење)

2. _____,
(фамилијарно, татково и родено име, место на живеење)

Кон овој предлог го приложуваме записникот за работата на собирот на избирачите.[1])

Претседавач на собирот на избирачите,

_____
(фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

(заверка на потписот)[2])

[1]) Предлогот на кандидатурата на собирот на избирачите ќе се поднесува на потврда на надлежната изборна комисија во еден примерок, најдоцна на 15 дена пред денот на изборите.

[2]) Заверката на потписот треба да ја изврши органот надлежен за заверување на потписи.

Овој образец е пропишан со Упатството за обрасците за вршење одделни дејствија според Законот за изборот на сојузните пратеници, што ги пропиша Сојузната изборна комисија под бр. 18 од 17 април 1963 година.

ИЗБОРИ НА ПРАТЕНИЦИ ЗА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

Изборен образец бр. 5

Предлог на кандидатура од група на избирачи за избор на пратеник за Сојузниот собор (член 71 од Законот за изборот на сојузните пратеници)

ДО ОПШТИНСКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА СОЈУЗНИ ПРАТЕНИЦИ ЗА ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА _____

Во смисла на членот 71 од Законот за изборот на сојузните пратеници поднесуваме на потврда ПРЕДЛОГ НА КАНДИДАТУРА за избор на пратеник за Сојузниот собор на Сојузната скупштина, што ќе се одржи на _____ 196—— година, за Изборната единица _____.

За кандидат го предлагаме:

_____
(фамилијарно, татково и родено име и место на живеење)

Кон овој предлог приложуваме:

1) писмена изјава од кандидатот за согласност на кандидирање, заверена од страна на _____
(назив за органот што ја извршил заверката)

2) потврда од надлежниот орган дека кандидатот е воведен во избирачкиот список.[1])

Предлагачи:

(Следуваат потписи од најмалку 200 избирачи. Покрај секој потпис мора да биде означено во загради фамилијарното, татковото и роденото име и местото на живеењето на потписникот).[2])

1) _____ _____
(потпис на предлагачот) (фамилијарно, татково и родено име)
_____
и место на живеење)

2) _____ _____
(Потпис на предлагачот) (фамилијарно, татково и родено име)
_____
и место на живеење)

(Следува заверка на потписот на предлагачот од страна на органот надлежен за заверување на потписи.)

(Кон предлогот мора да се приложи потврда за сите предлагачи дека се запишани во избирачкиот список.)

[1]) Ако потврдата за запишувањето на кандидадот во избирачкиот список е ставена врз самиот предлог на кандидатурата, ќе се прецрта текстот под 2.

[2]) Ако изборната единица ја сочинуваат повеќе општини, предлагачите на кандидатурата мораат да бидат најмалку од половината на општините од подрачјето на изборната единица, со тоа што од секоја од тие општини да мора да има најмалку по 20 предлагачи. Потписите на предлагачите од одделна општина можат да бидат ставени и на одвоени табаци.

Овој образец е пропишан со Упатството за обрасците за вршење одделни дејствија според Законот за изборот на сојузните пратеници, што ги пропиша Сојузната изборна комисија под бр. 18 од 17 април 1963 година.

ИЗБОРИ НА ПРАТЕНИЦИ ЗА СОБОРИ НА РАБОТНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

Изборен образец бр. 6

Записник за работата на собирот на работните луѓе во работната организација (работна заедница) одржан заради предлагање кандидати за избор на пратеници за — _____[1]) на Сојузната скупштина (член 70 во врска со членот 53 од Законот за изборот на сојузните пратеници)

Овој записник се води во два примерка.

Работено на _____ 196— година во _____

ЗАПИСНИК

ЗА РАБОТАТА НА СОБИРОТ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ ОДРЖАН ЗАРАДИ ПРЕДЛАГАЊЕ КАНДИДАТИ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ ЗА _____ НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА[1])

1. Собирот ја започна работата во _____ часот.

2. Собирот се одржува за _____
(да се означи називот на _____[2]).
работните организации односно работните заедници за кои се одржува собирот)

3. Собирот го свика _____
(фамилијарно, татково и родено име и својство на претставникот на работната организација односно работната заедница што го свикал собирот) _____,[3])

а поканата на собирот е објавена _____ 196— година _____.
(начин на објавувањето)

4. Собирот го отвори _____
(фамилијарно, татково и родено име на претставникот на работната организација односно на раководителот на органот или службата што го свикал) _____[4])

5. По отворањето на собирот се премина кон избирање на претседателство на собирот, та собирот едногласно — со мнозинство на гласовите — го избра за претседавач

_____
(фамилијарно, татково и родено име и место на живеење)

а за членови

1) _____
(фамилијарно, татково и родено име и место на живеење)

2) _____
(фамилијарно, татково и родено име и место на живеење)

За записничар е избран _____
(фамилијарно, татково и родено име и место на живеење)

За заверувачи на записник собирот ги избра:

1) _____
(фамилијарно, татково и родено име и место на живеење)

и

2) _____
(фамилијарно, татково и родено име и место на живеење)

6. Претседавачот утврдува дека на собирот се присутни _____

со букви: _____

работни луѓе, а дека вкупниот број на работните луѓе што имаат право на учество на собирот, со потврди _____
(да се означи за секоја работна организација односно работна заедница потврдата на надлежната општинска _____[5]) изнесува
комисија за избирачки списоци)
_____. Бидејќи на собирот е присутен бројот на работните луѓе потребен во смисла на членот 70 во врска со членот 45 став 1 од Законот за изборот на сојузните пратеници за негово одржување, претседавачот објавува дека може да се одржи собирот.

(Бидејќи во времето определено за почеток на собирот не е присутен бројот на избирачите потребен во смисла на членот 45 став 1 почетокот на собирот е одложен во смисла на членот 45 став 2 за _____ часот, та собирот ја започна работата во _____ часот со горе наведениот број избирачи).[6])

Претседавачот потоа ја објасни целта на свикувањето на собирот, начинот на неговата работа, та за таа цел ги прочита чл. 46 и 48 до 52 од наведениот закон.

На предлог од претседавачот, собирот го утврди следниов

Дневен ред

1) Предлагање кандидати за избор на пратеник за _____ на Сојузната
(да се означи соборот)
скупштина за Изборната единица _____
(назив на изборната единица)

2) Предлагање кандидати за избор на пратеник за Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина за Изборната единица ———— (назив на изборната единица) ————.

7. По ова се премина на првата точка од дневниот ред — Предлагање кандидати за избор на пратеник за ———— (да се означи соборот) на Сојузната скупштина за Изборната единица ———— ————.

Од страна на работните луѓе за пратенички кандидати се предложени, со поддршка од најмалку четири други работни луѓе, и влегуваат во листата на кандидатите за која собирот гласа следниве лица:

1) ————, (фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

2) ————, (фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

3) ————, (фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

4) ————. (фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

По завршеното предлагање на пратеничките кандидати се премина кон претрес на предлозите на кандидатите што влегуваат во листата на кандидадите за која собирот гласа, и тоа по редот по кој се предложени.

8. Бидејќи претресот е завршен според оваа точка на дневниот ред, се премина кон гласање.[7])

По гласањето претседавачот објави дека за кандидати за пратеници за ———— (да се означи соборот) на Сојузната скупштина се прифатени:

1) ————, (фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

2) ————, (фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

3) ————. (фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

9. По ова се премина кон втората точка од дневниот ред — Предлагање кандидати за избор на пратеник за Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина за Изборната единица ———— ————.[8])

Од страна на работните луѓе се предложени за пратенички кандидати, со подршка од најмалку четири други работни луѓе, и влегуваат во листата на кандидатите за која собирот гласа следниве лица:

1) ————, (фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

2) ————, (фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

3) ————, (фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

4) ————. (фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

По завршеното предлагање на пратеничките кандидати се премина кон претрес на предлозите на кандидатите што влегуваат во листата на кандидатите за која собирот гласа, и тоа по редот по кој се предложени.

10. Бидејќи претресот е завршен според оваа точка на дневниот ред, се премина кон гласање.[7])

По гласањето претседавачот објави дека за кандидати за пратеници за Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина се прифатени:

1) ————, (фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

2) ————, (фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

3) ————, (фамилијарно, татково и родено име, занимање и место на живеење)

11. Бидејќи дневниот ред е исцрпен, претседавачот објави дека е собирот завршен.

Работата е завршена во ———— часот.

Записничар, Претседавач,

Заверувачи на записникот:

---

[1]) Треба да се означат собирите на работните заедници за кои се одржува собирот.

[2]) Ако собирот се одржува за две или повеќе работни организации односно работни заедници, треба да се означи за кои работни организации односно работни заедници и во која работна организација односно работна заедница се одржува собирот.

[3]) Ако се одржува заеднички собир на работните луѓе за две или повеќе организации односно работни заедници, собирот го свикува претставникот на онаа организација односно раководителот на органот односно службата во која се држува собирот. Ако собирот не го свикал овластениот претставник на работната организација односно раководителот на органот или службата туку надлежната изборна комисија, ќе се означи дека собирот го свикала општинската изборна комисија.

[4]) Ако собирот го свикала општинската изборна комисија, собирот го отвора лицето што го определува општинската изборна комисија.

[5]) Ако собирот се одржува во воена единица или воена установа, бројот на работните луѓе се утврдува според потврдата на комисијата за избирачки списоци на таа воена единица односно команда.

[6]) Ако е во прашање одлагање на собир на работните луѓе во смисла на одредбите од членот 45 став 2, треба да се прецрта претходниот став.

[7]) Ако при гласањето е вршено пребројување на гласовите, треба да се забележи колку гласови имало за предлогот а колку против.

[8]) Во работните заедници што предлагаат кандидати само за Организационо-политичкиот собор, ќе се прецрта текстот на дневниот ред под точката 1, како и текстот под точ. 7 и 8.

Овој образец е пропишан со Упатството за обрасците за вршење одделни дејствија според Законот за изборот на сојузните пратеници, што ги пропиша Сојузната изборна комисија под бр. 18 од 17 април 1963 година.

ИЗБОР НА ПРАТЕНИК ЗА СОБОРИТЕ НА РАБОТНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

Изборен образец бр. 7

Предлог на кандидатура на собирот на работните луѓе во работната организација (работна заедница) за избор на пратеник за Сојузната скупштина (член 71 од Законот за изборот на сојузните пратеници)

ДО ОПШТИНСКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА СОЈУЗНИ ПРАТЕНИЦИ ЗА ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА ————————

Во смисла на одредбата од членот 71 на Законот за изборот на сојузните пратеници поднесуваме на потврда ПРЕДЛОГ НА КАНДИДАТУРА на собирот на работните луѓе за избор на пратеник за[1]) ———— ———— на Сојузната скупштина, за Изборната единица ———— ———— за изборите што ќе се одржат ———— 196— година.

Предлогот на кандидатурата утврдена на собирот на работните луѓе што е одржан на ———— 196—— година во ————
(назив на работната организација
————[2]) во ————.
односно работ. заедница) (да се означи местото)

Собирот на работните луѓе ги утврди за кандидати:

1. ————,
(фамилијарно, татково и родено име и место на живеење)

2. ————.
(фамилијарно, татково и родено име и место на живеење)

Кон овој предлог го приложуваме записникот за работата на собирот на работните луѓе.[3])

Претседавач на собирот на работните луѓе,

————
(фамилијарно, татково и родено име и место на живеење)

(Заверка на потписот)

(Следува заверка на потписот на претседавачот на собирот на работните луѓе од страна на органот надлежен за заверување на потписи).

[1]) Треба да се означи соборот за кој се поднесува предлогот на кандидатурата.

[2]) Ако собирот е одржан и за работни луѓе од други работни организации односно работни заедници, треба да се означи за кои организации односно заедници е одржан собирот.

[3]) Предлогот на кандидатурата ѝ се поднесува на потврда на надлежната општинска изборна комисија во еден примерок, најдоцна 15 дена пред денот на изборите.

Овој образец е пропишан со Упатството за обрасците за вршење одделни дејствија според Законот за изборот на сојузните пратеници, што ги пропиша Сојузната изборна комисија под бр. 18 од 17 април 1963 година.

ИЗБОРИ ЗА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

Изборен образец бр. 8

Оглас на потврдената кандидатура за избор на пратеник за Сојузниот собор на Сојузната скупштина (член 78 став 1 од Законот за изборот на сојузните пратеници)

О Г Л А С

Општинската изборна комисија за избор на сојузните пратеници за Изборната единица ————, врз основа на одредбата од членот 78 став 1 на Законот за изборот на сојузните пратеници, ја потврди кандидатурата на кандидатот

(фамилијарно, татково и родено име и место на живеење)
за Изборната единица ———— за изборот за Сојузниот собор што ќе се одржи на ———— 196— година.

Кандидатурата е предложена од страна на собирите на избирачите (група на избирачи)[1]).

Кандидатурата е ———— по ред од страна на собирите на избирачите (група на избирачи).

Општинска изборна комисија за избор на сојузните пратеници за Изборната единица ————.

Во ————, ———— 196— година, бр. ——.

Секретар, Претседател,

Член,

[1]) Ако предлозите на кандидатурата се поднесени од страна на собирите на избирачите да се прецрта текстот во заградите, а ако предлогот на кандидатурата го поднесла група на избирачи ќе се прецртаат зборовите „собирите на избирачите“ и ќе се означат имињата на првите три потписници од групата на избирачите што ја предложила кандидатурата.

Овој образец е пропишан со Упатството за обрасците за вршење одделни дејствија според Законот за изборот на сојузните пратеници, што ги пропиша Сојузната изборна комисија под бр. 18 од 17 април 1963 година.

ИЗБОР НА ПРАТЕНИК ЗА СОБОРИТЕ НА РАБОТНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

Изборен образец бр. 9

Оглас на потврдената кандидатура за избор на пратеник за ———— ———— на Сојузната скупштина (член 78 став 1 од Законот за изборот на сојузните пратеници)[1]).

О Г Л А С

Општинската изборна комисија за избор на сојузни пратеници за Изборната единица ———— ————, врз основа на одредбата од членот 78 став 1 на Законот за изборот на сојузните пратеници, ја потврди кандидатура на кандидатот ————

(фамилијарно, татково и родено име и место на живеење)
за Изборната единица ———— за избор на ————[1]) на Сојузната скупштина кој ќе се одржи на ———— 196— година.

Кандидатурата е предложена од страна на собирите на работните луѓе во работните организации и работните заедници.

Кандидатурата е ———— по ред од страна на соборите на работните луѓе.

Општинска изборна комисија за избор на сојузните пратеници за Изборната единица ————.

Во ————, ———— 196— година, бр. ——.

Секретар, Претседател,

Член,

[1]) Треба да се означи соборот за кој се дава огласот.

Овој образец е пропишан со Упатството за обрасците за вршење одделни дејствија според Законот за изборот на сојузните пратеници, што ги пропиша Сојузната изборна комисија под бр. 18 од 17 април 1963 година.

ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ЗА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

Изборен образец бр. 10

Изјава за согласност за кандидирање за пратеник.

И З Ј А В А

Изјавувам дека се согласувам да бидам кандидиран за пратеник за ————
(да се означи соборот)
на Сојузната скупштина во Изборната единица ———— на изборите што ќе се одржат на ———— 196— година.

Во ————, ———— 196— година, бр. ——.

————[1])
(потпис)

(заверка на потписот)[2])

[1]) Под потписот треба во заградите да се означи фамилијарното, татковото и роденото име и местото на жевеење.

[2]) Заверката на потписот на кандидатот се врше од страна на органот надлежен за заверување.

Овој образец е пропишан со Упатството за обрасците за вршење одделни дејствија според Законот за изборот на сојузните пратеници, што ги пропиша Сојузната изборна комисија под бр. 18 од 17 април 1963 година.

